У5.бр.1232/2021
У5.бр.1233/2021

УПРАВНИОТ СУД преку судијата Марта Телегравчиска- претседател на советот со записничар Едита Исахи- помлад судски соработник, постапувајќи по службена должност, за исправка на Пресудата на Управниот суд У5.бр.1233/21 и на Решение за времената мерка бр.1232/21 од 17.08.2021 година согласно член 66 од Законот за управните спорови, а во врска со член 331 од Законот за парничната постапка, на ден 24.08.2021 година, донесе:

# Р Е Ш Е Н И Е
(за поправка на техничка грешка)

Се врши поправање на Пресудата на Управниот суд У5.бр.1233/21 и на Решение времената мерка под бр.1232/21 од 17.08.2021 година , во уводниот дел од пресудата и тоа во став 1 ред 6 и 7, така што на место зборовите ,,на оджаната расправа на ден 17.08.2021 година во присуство на тужителот", треба да стои ,,на одржаната нејавна седница на ден 17.08.2021 година".

Ова решение е составен дел на Пресудата суд У5.бр.1233/21 и Решение времената мерка за 1232/21од 17.08.2021 година.

.

## О б р а з л о ж е н и е

Постапувајќи по тужбата на тужителот Мегаспорт Љубомир ДООЕЛ Скопје, Судот на ден 17.08.2021 година донесе пресуда под У5. бр.1233/21 и У5.бр.1232/21.

Судот по службена должност утврди дека , пресудата има недостатоци – очигледни технички грешки во пишувањето и тоа во уводниот дел од пресудата и тоа во став 1 ред 6 и 7, така што на место зборовите ,,на оджаната расправа на ден 17.08.2021 година во присуство на тужителот", треба да стои ,,на одржаната нејавна седница на ден 17.08.2021 година" .

Согласно член 331 став 1 од Законот за парнична постапка, Грешките во имињата и броевите како и другите очигледни грешки во пишувањето и сметањето недостатоците во формата и несогласноста на преписот на пресудата со оригиналот ќе ги поправи претседателот на советот, односно судијата поединец во секое време. Согласно став 2 од истиот член Поправањето ќе се изврши со посебно решение и ќе се внесе на крајот на оригиналот, а до странките ќе се достави препис на решението.

Согласно чл.66 став 2 од Законот за управните спорови(Сл весник на РСМ Бр.96/2019), судот може да донесе решение за исправка на пресуда по службена должност или по барање на странките.

Со оглед на тоа што во пресудата има недостатоци – очигледни технички грешки во пишувањето, Судот изврши исправка во Пресудата на Управниот суд

У5.бр.1233/21 и на решението за времената мерка под бр.1232/21 од 17.08.2021 година, во уводниот дел од пресудата и тоа во став 1 ред 6 и 7, така што на место зборовите ,,на оджаната расправа на ден 17.08.2021 година во присуство на тужителот", треба да стои ,,на одржаната нејавна седница на ден 17.08.2021 година" .

Предвид на наведеното судот одлучи како во изреката на решението согласно член 66 од Законот за управните спорови, а во врска со член 331 од Законот за парничната постапка.

РЕШЕНО ВО УПРАВЕН СУД на ден 24.08.2021 година под У5 бр.1233/21 и У5.бр.1232/21

Записничар – помлад судски соработник
Едита Исахи

Претседател на советот - судија
Марта Телегравчиска

ПРАВНА ПОУКА: Против ова решение е дозволена жалба во рок од 8 дена по приемот преку овој суд до Вишиот управен суд.

Претседател на советот - судија
Марта Телегравчиска

ДН Решението да се достави до
- Тужител
- Тужен орган
- Заинтересирано лице

Согласно на преписот
со изворникот го потврдува
Судски службеник
1